**БМО2016**

1. Определи ги сите инјективни функции $f:\mathbb{R}\to\mathbb{R}$ такви што за секој реален број $x$ и секој природен број $n$ важи
$$|\sum_{i=1}^{n} i(f(x+i+1)-f(f(x+i)))|<2016 .$$
**Решение.** Да означиме
$$S(x,n)=\sum_{i=1}^{n} i(f(x+i+1)-f(f(x+i))) .$$
Да фиксираме $x\in\mathbb{R}$. Од неравенствата
$$|S(x-n,n)|<2016 \text{ и } |S(x-n,n-1)|<2016$$
добиваме
$$n\cdot|f(x+1)-f(f(x))|=|S(x-n,n)-S(x-n,n-1))|<4032 ,$$
за секој $n\in\mathbb{N}$. Последното е можно само ако $f(f(x))=f(x+1)$, за секој $x\in\mathbb{R}$. Но функцијата $f$ е инјективна, па затоа $f(x)=x+1$, за секој $x\in\mathbb{R}$.

2. Нека $ABCD$ е тетивен четириаголник за кој $\overline{AB}<\overline{CD}$. Дијагоналите $AC$ и $BD$ се сечат во точката $F$, а правите $AD$ и $BC$ се сечат во точката $E$. Нека $K$ и $L$ се соодветно подножјата на нормалите повлечени од точката $F$ на правите $AD$ и $BC$, а $M,S$ и $T$ се средините на отсечките $EF,CF$ и $DF$, соодветно. Докажи дека втората пресечна точка на кружниците опишани околу триаголниците $MKT$ и $MLS$ припаѓа на отсечката $CD$.

**Решение.** Ќе докажеме дека кружниците опишани околу триаголниците $MKT$ и $MLS$ минуваат низ средината на отсечката $CD$.




Кружницата $MKT$ е Ојлеровата кружница за триаголникот $DEF$, па затоа таа минува низ средината $P$ на отсечката $DE$. Бидејќи $PN\parallel EC$, $MT\parallel ED$, $MP\parallel BD$ и $TN\parallel AC$, во ориентирани агли важи
$\measuredangle PMT=\measuredangle BDA=\measuredangle BCF=\measuredangle PNT$,
па затоа $N$ припаѓа на кружницата $MKPT$. Аналогно, $N$ припаѓа на кружницата $MLS$.

*Забелешка.* Во случај кога $CD$ е дијаметар на опишаната кружница околу

четириаголникот $ABCD$ кружниците $MKT$ и $MLS$ се совпаѓаат.

3. Определи ги сите монични полиноми $f$ со целобројни коефициенти кои го имаат следново својство: постои природен број $N$ таков што $2(f(p)!)+1$ е делив со $p$ за секој прост број $p > N$ за кој $f(p)$ е природен број.

*Напомена.* Моничен полином е полином со водечки коефициент 1.

**Решение.** Јасно е дека полиномот $f$ не е константен. Од друга страна, од условот на задачата следува дека $p \nmid f(p)!$, т.е. $f(p) < p$ за секој $p > N$, па затоа мора да важи $\deg f = 1$. Според тоа, $f(x) = x - c$, за некој $c \in \mathbb{N}$. Бидејќи според теоремата на Вилсон

$$2(p-c)! \equiv -1 \equiv (p-1)! \equiv (-1)^{c-1}(c-1)!(p-c)! \pmod p$$

за секој прост број $p > N$, следува дека $(-1)^{c-1}(c-1)! \equiv 2 \pmod p$, односно $(-1)^{c-1}(c-1)! = 2$. Од последното равенство добиваме $c = 3$, па затоа $f(x) = x - 3$.

4. Рамнината е поделена на единечни квадрати со помош на две множества паралелни прави кои формираат бесконечна решетка. Секој единечен квадрат е обоен во една од 1201 боја така што ниту еден правоаголник со периметар 100 не содржи два единечни квадрати обоени со иста боја. Докажи дека ниту еден правоаголник со димензии $1\times 1201$ (или $1201\times 1$) не содржи два квадрата обоени со иста боја.

*Напомена.* Се претпоставува дека страните на сите разгледувани правоаголници припаѓаат на решетката.

**Решение.** Ќе сметаме дека центрите на полињата (т.е. единичните квадрати) се точки со целобројни координати. Дијамант со центар $(a,b)$ го нарекуваме множеството од сите полиња со центри $(x, y)$ за кои важи $|x-a|+|y-b|< 24$. Секои две полиња од еден ист дијамант припаѓаат на еден правоаголник со периметар 100. Бидејќи дијамантот се состои од $24^2 + 25^2 = 1201$ полиња, меѓу нив мора да се појават сите 1201 бои.



Да фиксираме една боја, да кажеме сина. Секое поле $A$ припаѓа барем на еден дијамант со центар во сино поле. Навистина, дијамант со центар $A$ содржи едно сино поле, да кажеме $B$, а тогаш $A$ припаѓа на дијамантот со центар $B$. Од друга страна, ако некои два дијаманти со центри во сини полиња $B$ и $C$ имаат

заедничко поле $A$, тогаш двете полиња $B$ и $C$ припаѓаат на дијамантот со центар $A$, што не е можно. Според тоа, дијамантите со сини центри го покриваат секое поле точно еднаш.

Лесно се гледа дека поплочувањето со дијаманти е единствено до симетрија (на цртежот е прикажано аналогно поплочување со помали дијаманти). Без ограничување на општоста, центрите на тие дијаманти се точки $(x, y)$ за кои $1201 \mid 24x - 25y$. Бидејќи за секој $x \in \mathbb{Z}$ постои точно еден ваков $y$ по модул 1201, добиваме дека тврдењето на задачата е точно.